# ФАКОМ

ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

ФАКОМ АД
2025
03/1142
СКОПЈЕ

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

Врз основа на член 20 од Статутот на ФАКОМ, АД-Скопје, а во врска со член 384, член 387 и член 388 од Законот за трговските друштва,Управниот Одбор на ФАКОМ, АД-Скопје објавува :

## ЈАВЕН ПОВИК
## За учество на Годишно Собрание на акционери на ФАКОМ, АД-Скопје

Седницата на Собранието на ФАКОМ, АД-Скопје ќе се одржи на ден 26.08.2025 година (вторник) со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото, бул. Александар Македонски бр.18, Скопје. За Собранието се предлага следниот:

## Дневен ред

**I. Процедурален дел**

1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

1. Разгледување и усвојување на записник од претходната седница на Собрание на акционери;
2. Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2024 година;
   - Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишната сметка, , финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2024 година;
3. Консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2024 година;
   - Предлог Одлука за одобрување и усвојување на консолидираната годишна сметка, консолидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2024 година;
4. Извештај за извршената ревизија за 2024 година на годишната сметка и финансиските извештаи
   - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2024 година;
5. Извештај за извршената ревизија за 2024 година на консолидираната годишна сметка и конcполидирани финансиските извештаи
   - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за консолидирана годишна сметка за 2024 година
6. Предлог Одлука за покривање на нето загубата за финансиската 2024 година;
7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото;
8. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото
9. Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со образложено барање за вклучување на нови точки во рок од осум дена од денот на објавувањето на јавниот повик по електронски пат на e-mail адресата на друштвото info@fakom.com.mk .

ФАКОМ
ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

На Собранието акционерите на Друштвото може да учествуваат лично или да овластат полномошник да ги застапува со полномошно.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер или полномошник должен е своето учество да го пријави најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Пријавите да се доставаат до Факом АД –Скопје.

Материјалите за Собранието на Факом АД –Скопје, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите на увид од денот на објавување на овој повик, секој работен ден од 12 – 14 часот во просториите на ФАКОМ, АД - Скопје, бул. Александар Македонски бр.18 и на официјалната интернет страница на друштвото www.fakom.com.mk.

**ФАКОМ, АД-Скопје**
**УПРАВЕН ОДБОР**